# Овие информации може да ви помогнат кога ќе гласате.

**Што треба да му кажете на службеникот за гласање. На службеникот на гласачката маса кажете му го вашето име, презиме и адреса.**
Службеникот ќе провери дали вашето име се наоѓа на гласачкиот список и дали можете да гласате. Ако треба, можете да ги напишете овие поединости со печатни букви на парче хартија и да му ги дадете на службеникот.

**Гласачки ливчиња**
Службеникот ќе ви даде гласачко ливче.

Земете го гласачкото ливче до параваните за гласање каде ќе можете да гласате непречено.

**Формално гласање**
За формално гласање вие мора да ги следите упатствата на гласачкото ливче.

**Гласачката кутија**
Откако ќе ги пополните гласачките ливчиња, свиткајте ги за да не може да се види како сте гласале, и потоа ставете ги во соодветните гласачки кутии пред да излезете од гласачкото место.

**Вашето име не се наоѓа на гласачкиот список**
Ако вашето име не се наоѓа на гласачкиот список, или ако службеникот по грешка го прецртал како веќе да сте гласале, се уште имате право да гласате и можете да побарате Section Vote. Ќе добиете плик со изјава, која службеникот ќе ви ја пополни и потоа ќе ве замоли да ја потпишете. После тоа, ќе ја потпишете изјавата во присуство на службеникот, а тој ќе го задржи пликот и ќе ви даде гласачки ливчиња. Откако ќе ги пополните ливчињата, вратете му ги на службеникот. Тој ќе ги стави свитканите гласачки ливчиња во пликот, ќе го залепи и стави во гласачката кутија.

**Гласањето е доверливо**
Никој нема право да знае како сте гласале. Некои гласачи се загрижени дека ако ги стават гласачките ливчиња во плик на кој ќе се потпишат, тогаш секој ќе може да види како тие гласале.

Овие пликови може да ги отвори само Returning Officer (Службено лице за соопштување резултати од избори) или некој назначен службеник, и тоа во присуство на Scrutineers (Пребројувачите на гласови). Овие лица добиваат посебни упатства како да ракуваат со ваквите гласачки ливчиња, како да ги вадат од пликот и веднаш да ги ставаат во гласачката кутија.

**Посебна помош**
Лицата кои не знаат да пишуваат или не можат да ги прочитаат упатствата, како и онеспособените лица, може да организираат при гласањето да им помогне некој пријател или роднина. Тие, исто така, за помош можат да се обратат кај службеникот за гласање.

**Неважечки гласачки ливчиња**

Ако, по грешка или случајно згрешите при пополнувањето на гласачкото ливче, немојте да го кинете или фрлате, вратете му го на службеникот за гласање кој во замена ќе ви даде ново гласачко ливче.

**Ако ви треба помош**

Ако ви треба помош или ако не разбирате како да ги одбележите гласачките ливчиња прашајте некој од службениците.

**Телефонска преведувачка служба**

Јавете се на 13 14 50 за бесплатна помош со јазикот на било кој јазик.

Телефонистот ќе организира преведувач во соодветен јазик да се придружи на тринасочен разговор со изборен службеник и прашањата ќе ви бидат одговорени на ваш јазик.